## КАКО СЕ ОДВИВА ИДЕНТИФИКАЦИЈАТА, ЗАШТИТАТА И РЕИНТЕГРАЦИЈАТА НА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ ВО Р. С. МАКЕДОНИЈА?

Трговијата со луѓе е глобален проблем, со којшто се соочуваат сите земји ширум светот. Покрај постоењето на меѓународната правна рамка и програмите за заштита и поддршка на жртвите на трговијата со луѓе, државите сè уште се соочуваат со предизвици при нивно спроведување.

Р. С. Македонија претставува земја на потекло, земја-транзит  и дестинација на тргуваните лица. Низ годините се бележат значителни промени и нови трендови во трговијата со луѓе, со што се менува и начинот на обезбедувањето заштита и помош за жртвите.

Овој документ се фокусира врз препознавање и адресирање на   предизвиците и препреките со коишто се соочувале и сè уште се соочуваат жртвите на трговијата со луѓе. Целта на оваа кратка информација за применетите политики е да даде одговор на прашањето колку постоечките механизми  за идентификација, заштита и реинтеграција содејствуваат со потребите на жртвите и со справувањето на земјата со трговијата со луѓе. Обидувајќи се да ги прикажеме применетите политики преку искуствата на самите жртви, на институциите и граѓанските организации кои учествуваат во борбата против трговијата со луѓе, спроведовме квалитативно и квантитативно истражување.

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Идејата за изработка на анализата и на овој документ е резултат на 20-годишната заложба на Отворена порта во обезбедувањето заштита на жртвите, во превенција и застапувањето на потребите на жртвите на трговијата со луѓе.



## КАКО СЕ ДОБИЕНИ ПОДАТОЦИТЕ

- Анализирани 168 досиеја на  корисници на програмата на Отворена порта во периодот помеѓу 2005-2020 година.
- Интервјуа со  преставници на институциите и здруженијата на граѓани (ЗГ) кои директно се вклучени во борбата против трговија со луѓе (ТЛ).
- Полу структуирани интервјуа со жртви на трговија со луѓе.
- Критички преглед на национални и меѓународни извештаи и истражувања поврзани со трговијата со луѓе.

ДОБИЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД АНАЛИЗАТА УКАЖУВААТ НА ПОТРЕБИТЕ ОД ПРОАКТИВНА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ ОД СТРАНА НА НАДЛЕЖНИТЕ ИНСТИТУЦИИ, ВОСПОСТАВУВАЊЕ ДОЛГОРОЧНИ РЕШЕНИЈА ЗА ЗАШТИТА И РЕИНТЕГРАЦИЈА, КАКО И НА ПОТРЕБАТА ОД НИВНА ФИНАСИСКА ОДРЖЛИВОСТ.

ОВАА КРАТКА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПРИМЕНЕТИ ПОЛИТИКИ ГИ СУМИРА НАОДИТЕ И ПРЕПОРАКИТЕ ОД АНАЛИЗАТА „ПРЕДИЗВИЦИ ВО ИДЕНТИФИКАЦИЈАТА, ЗАШТИТАТА И РЕИНТЕГРАЦИЈАТА НА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ".

ОТВОРЕНА ПОРТА
AGAINST VIOLENCE AND TRAFFICKING

## ЗОШТО ПРОАКТИВНА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЖРТВИТЕ ОД ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ?

Трговијата со луѓе во Р. С. Македонија бележи тренд на осцилирачки промени, особено од 2014 година, кога се забележува намалување на бројот на идентификувани жртви од трговијата со луѓе. Според годишните извештаи на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција, во периодот од 2005 до 2019 година се идентификувани 116 жртви на трговијата со луѓе.[1]

Поголемиот дел од идентификуваните жртви на трговијата со луѓе се малолетни женски лица; за разлика од ова, бројот на машки жртви е значително мал (3), речиси незабележителен. Дополнително, бројот на идентификувани странски државјанки жртви на трговијата со луѓе во периодот од 2005 до 2019 година бележи опаѓање во споредба со периодот од 2003 до 2005 година, кога е забележана поголема идентификација на странски државјанки.

> ОТКРИВАЊЕТО НА ЖРТВИТЕ КОИ БИЛЕ ИЗЛОЖЕНИ НА НЕКОЈ ВИД ЕКСПЛОАТАЦИЈА Е СЕКОГАШ ПРОБЛЕМАТИЧНО, БИДЕЈЌИ СÈ УШТЕ ПОСТОИ ДЕПОРТАЦИЈА НА СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНКИ ОД МАКЕДОНИЈА, ИАКО НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ НАВЕДУВАЛЕ ДЕКА НЕМАЛО ИНДИЦИИ ЗА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ.
>
> ИНТЕРВЈУИРАН ПРЕТСТАВНИК ОД ЗГ

Од интевјуираните организации дознавме дека слична е ситуацијата и со идентификација на жртвите од трговијата со луѓе низ државата. Особено во периодот на бегалската криза во земјата, откривањето на внатрешната трговија со луѓе беше запоставена. Сето тоа се должи на недостигот од човечки и технички капацитети на надлежните институции во препознавањето на трговијата со луѓе и во соодветното постапување.

Во 2008 година, во Р. С. Македонија се донесени Стандардни оперативни процедури (СОП) за постапување со жртвите на трговијата со луѓе. Последното ревидирање на СОП за постапување со жртвите на трговијата со луѓе е во 2018 година.

Во 2014 година се донесени посебни индикатори за идентификација на жртвите од трговијата со луѓе. Примената на овие СОП и на индикаторите во практиката се покажа како неефективно, поради отсуството на едукација и поради неподготвеноста на надлежните институции да постапат во согласност со надлежностите и дејствијата што произлегуваат од овие документи.

Особено е проблематично за институциите коишто не се директно вклучени во оваа проблематика, како што се униформираната полиција од полициските одделенија при СВР, трудовите инспектори, како и здравствените, просветните и социјалните работници.

> НЕ СИТЕ ИНСТИТУЦИИ ЗНААТ КОИ ИМ СЕ ОДГОВОРНОСТИТЕ ВО СОГЛАСНОСТ СО СТАНДАРДНИТЕ ОПЕРАТИВНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ; НЕКОИ ИНСТИТУЦИИ СЕ КООРДИНИРААТ СО НАС, БИДЕЈЌИ НЕ ИМ Е ЈАСНО КОИ ИНГЕРЕНЦИИ ГИ ИМААТ И СЕ ЈАВУВААТ ДА ПРАШААТ КАКО ДА ПОСТАПУВААТ, НО ТОА НЕ СЕ СЛУЧУВА СО СИТЕ.
>
> ИНТЕРВЈУИРАН ПРЕТСТАВНИК ОД ИНСТИТУЦИЈА

Во тој контекст, интервјуираните претставници ја нагласуваат потребата од повторно ревидирање на постоечките индикатори, бидејќи трендот на регрутирање на жртвите се менува, како што се менуваат тековите и настаните во нашето секојдневие.

[1] Влада на Република Македонија, Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија: „Извештаи за досегашните активности на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција" од 2003 до 2019.




Според обликот на експлоатацијата, од Графиконот 1 може да се заклучи дека најмногу се идентификувани жртви на сексуална експлоатација, додека најмалку се идентификувани жртви на трудова експлоатација. Истовремено може да се забележат и други облици на експлоатација; присилни бракови и трудова експлоатација, присилни бракови и сексуална експлоатација, питачење итн.




Извор: Годишни извештаи на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција

Трудовата експлоатација како облик на трговијата со луѓе е најнепрепознаена во земјава. Испитаниците од ЗГ и институциите како една од причините наведуваат дека трудовите инспектори, кои се надлежни за идентификување на овој вид експлоатација, малку или, пак, воопшто не ја препознаваат како таква. Според законските надлежности, трудовите инспектори претежно прават контроли на правни лица (агенции, фабрики, фирми итн.), коишто се регистрирани. Од друга страна, според законската регулатива, трудовите инспектори немаат ингеренции, не вршат контроли и увид во сектори што не се регистрирани, или во т.н. сива економија.

## КАКВА Е ЗАШТИТАТА НА ЖРТВИТЕ ОД ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ?

Дел од системот на социјална заштита на жртвите од трговијата со луѓе во Р. С. Македонија е Центарот за жртви на трговија со луѓе и сексуално насилство, кое е под надлежност на Министерството за труд и социјална политика, а е раководено од страна на ЗГ Отворена порта. Во овој Центар, на жртвите на трговијата со луѓе им се овозможува привремено сместување, психо-социјална помош и поддршка, со цел рехабилитација и надминување на траумите и реинтеграција на жртвите во средината.

Анализираните досиеја на корисничките вклучени во програмата на ЗГ Отворена порта покажуваат дека жртвите на трговијата со луѓе се соочуваат со низа предизвици, од коишто тука издвојуваме само неколку.

## НЕДОСТИГ НА УСЛУГИ

Добиените резултати од оваа анализа покажуваат дека иако постои државно прифатилиште за жртвите на ТЛ во земјава раководено во партнерство на Отворена порта и МТСП, сепак е забележана потребата од зголемување на сместувачките капацитети и нивна финансиска одржливост.

Во земјата нема прифатилишта за сместување на лица од машки пол, а постоечкиот капацитет не обезбедува ниту можност за раздвоено сместување на полнолетните и малолетните лица. Од ова може да се заклучи дека некои од жртвите остануваат на маргините на општеството, бидејќи не добиваат навремено адекватна помош и заштита. Примената на еден ист пристап на помош и поддршка е несоодветен за заштита на сите жртви, и затоа постапувањето во случаите мора да биде базирано врз индивидуалните потреби на лицата, во согласност со нивната возраст, пол, род, видот на експлоатација итн.

## ЗДРАВСТВЕНИТЕ ПОТРЕБИ НЕ СЕ БЕСПЛАТНИ

Иако Законот за здравствена заштита и Законот за здравствено осигурување пропишуваат дека сите граѓани на Р. С. Македонија имаат право на бесплатно здравствено осигурување, сепак во практиката ситуацијата е сосема поинаква.

Доколку жртвите немаат здравствено осигурување, трошоците, како и купувањето на потребните лекови најчесто ги подмирува ЗГ Отворена порта.

> КАЈ НАС НАЈЧЕСТО СЕ ДОНЕСУВААТ ЗАКОНСКИ РЕГУЛАТИВИ ШТО НЕ СЕ ФУНКЦИОНАЛНИ НА НАЦИОНАЛНО НИВО, ИАКО ЖРТВИТЕ МОЖАТ ДА ОБЕЗБЕДАТ БЕСПЛАТЕН ПРЕГЛЕД, НЕ МОЖАТ ДА ДОБИЈАТ БЕСПЛАТНИ ЛЕКОВИ.
>
> ИНТЕРВЈУИРАН ПРЕТСТАВНИК ОД ЗГ

Исто така, доколку жртвата е странски државјанин без регулиран престој, тогаш организацијата, во соработка со други меѓународни организации, се обидува да ги подмири здравствените трошоци.

Постоењето законска пропишана одредба во Законот за здравствено осигурување се покажа во практиката како клучен дел, бидејќи некои од жртвите, иако се родени во Р. С. Македонија, се соочуваат со немање лични документи бидејќи нивното раѓање не е запишано во Матичната книга на родени, а со тоа автоматски им се попречува правото на бесплатно здравствено осигурување.

Ниту за странските жртви на трговијата со луѓе без регулиран престој во земјата не е законски пропишано како да остварат бесплатна здравствена заштита.

## ОГРАНИЧЕН ПРИСТАП ЗА АКТИВНО УЧЕСТВО НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

ЗГ Отворена порта, со своите програмски активности, работи и во насока на економско зајакнување на жртвата. Од вкупно 168 корисннички, на 55 од нив им било обезбедено продолжување на образованието и професионална доквалификација. На 13 корисннички, пак, им се обезбедила обука на работното место.

Сепак, во земјата не постојат посебни програми и мерки со кои жртвите ќе можат да бидат активно вклучени на пазарот на трудот.

> ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ НЕ ГИ КОРИСТАТ АКТИВНИТЕ МЕРКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ОБЕЗБЕДЕНИ ОД ДРЖАВАТА ПРЕКУ АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ, НАЈМНОГУ ПОРАДИ ТОА ШТО АВРСМ НЕМА ПОСЕБЕН СИСТЕМ СО КОЈШТО ЌЕ СЕ ГАРАНТИРА ЗАШТИТАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ И СТАТУСОТ НА ЛИЦАТА-ЖРТВИ. СЕПАК СТАНУВА ЗБОР ЗА ЖРТВИ НА СЕКСУАЛНА И ТРУДОВА ЕКСПЛОАТАЦИЈА, А ЗА НИВ ПРИВАТНОСТА Е МНОГУ ЗНАЧАЈНА. НАШЕТО МИСЛЕЊЕ Е ДЕКА ТИЕ ТРЕБА ДА ИМААТ ПРЕДНОСТ ВО КОРИСТЕЊЕТО НА АКТИВНИТЕ МЕРКИ, ШТО БИ ПРИДОНЕЛО ЗА НИВНА УСПЕШНА РЕИНТЕГРАЦИЈА.
>
> ИНТЕРВЈУИРАН ПРЕТСТАВНИК ОД ЗГ

## НЕОСТВАРЕНО ПРАВО НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Во 2019 година, во Р. С. Македонија е донесен Законот за бесплатна правна помош. Ова право го нема искористено ниедна од жртвите поради ненавременото назначување законски застапник.

Правната помош и законското застапување на судските рочишта најчесто е спроведено од страна на ЗГ Отворена порта. Од вкупно 168 корисннички на програмата на ЗГ Отворена порта, 73 % од нив оствариле правно советување и/или застапување на суд.

## ОБЕСШТЕТУВАЊЕТО НА ЖРТВИТЕ Е СÈ УШТЕ НЕФУНКЦИОНАЛНО

Жртвите на трговијата со луѓе, покрај правото на отпочнување кривична постапка против сторителот, имаат право и на поднесување имотно-правно барање за добивање надомест од сторителот поради претрпена материјална и нематеријална штета.

Иако обесштетувањето на жртвите на трговијата со луѓе е предвидено во Законот за кривична постапка, неговото исплаќање е сè уште неспроведено во праксата.

> ПОСТАПКИТЕ ЗА ПРОНАОЃАЊЕ И КАЗНУВАЊЕ НА СТОРИТЕЛИТЕ ЗА ДЕЛОТО ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ СЕ БАВНИ И НЕЕФИКАСНИ, САМО ВО ДВЕ ПОСТАПКИ ШТО БИЛЕ ВОДЕНИ ВО КРИВИЧНИОТ СУД, НА ДВЕ ЖРТВИ ИМ БИЛ ДОДЕЛЕН НАДОМЕСТ НА ШТЕТА, НО СУМИТЕ НЕ СЕ НАПЛАТЕНИ БИДЕЈЌИ ПОСТАПКИТЕ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ ИЛИ ПОСТАПКИТЕ ЗА НАДОМЕСТ НА ШТЕТАТА ОД ДРЖАВЕН ФОНД СЕ СÈ УШТЕ ВО ТЕК.
>
> ИНТЕРВЈУИРАН АДВОКАТ КОЈ ГИ ЗАСТАПУВА ЖРТВИТЕ

При Министерството за правда постои фонд преку којшто треба да се обезбеди исплатата на отштета за децата-жртви на трговијата со луѓе доколку таа не може да се обезбеди од сторителот, но во пракса фондот е нефункционален. За возрасни жртви на трговијата со луѓе не ни постои таков фонд преку којшто ќе се изврши обесштетување.

Но, освен со кривичната постапка, правото на надомест на штетата жртвите можат да го остварат и со отпочнување граѓанска постапка, која повлекува дополнителни трошоци. Жртвите сами треба да ги обезбедат трошоците и поради тоа честопати се откажуваат од остварување на правото на обесштетување.

## РЕИНТЕГРАЦИЈА НА ЖРТВИТЕ ОД ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Во Р. С. Македонија, во 2014 година, е донесена Програмата за помош и поддршка при реинтеграција на жртвите на трговијата со луѓе. Постоечката програма не се спроведува во практиката најмногу поради неиздвојувањето финансии и технички капацитети од страна на државата и надлежните институции.

Дополнително, покрај напорите за децентрализација на сервисите за ранливите групи, вклучувајќи ги и жртвите на трговијата со луѓе, не постои доволна вклученост на локалната самоуправа во спроведување на државната Програма за помош и поддршка при реинтеграција на жртвите на трговијата со луѓе. Како што може да се забележи и во Законот за социјална заштита од 2019 година, не се јасно пропишани формите на заштита што им се достапни на жртвите на трговијата со луѓе, како и услугите за поддршка што се потребни во насока на нивната реинтеграција.




# ПРЕПОРАКИ

Препораките што се содржани тука произлегоа од добиените резултати на спроведената анализа.

## ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ

- ПРОАКТИВНА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ ОД СТРАНА НА НАДЛЕЖНИТЕ ИНСТИТУЦИИ, КАКО И ПРЕЗЕМАЊЕ ДЕЈСТВА ЗА РАНА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА СТРАНСКИ И МАКЕДОНСКИ ДРЖАВЈАНИ ЖРТВИ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ.
- ВКЛУЧУВАЊЕ ПОВЕЌЕ АКТЕРИ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА НИВНИТЕ ИНГЕРЕНЦИИ ВО ИДЕНТИФИКУВАЊЕТО НА ЖРТВИТЕ ОД ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ; ТАКВИ АКТЕРИ СЕ: ЗДРАВСТВЕНИ РАБОТНИЦИ, ПРОСВЕТНИ РАБОТНИЦИ, ПОЛИЦИСКИ ОДДЕЛЕНИЈА ПРИ СВР, ТРУДОВИ ИНСПЕКТОРИ, ЛИЧНИ АСИСТЕНТИ КОИ РАБОТАТ СО ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ, СОЦИЈАЛНИ РАБОТНИЦИ ОД ЦЕНТРИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА, ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ИТН.
- ДА ПРОДОЛЖАТ ДА ФУНКЦИОНИРААТ МОБИЛНИТЕ ТИМОВИ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПОТЕНЦИЈАЛНИ И НА ЖРТВИ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ, ДА СЕ ПРОШИРИ НИВНАТА РАБОТА ВО ПОВЕЌЕ ГРАДОВИ НА Р. С. МАКЕДОНИЈА И ДА СЕ ОБЕЗБЕДИ НИВНА ОДРЖЛИВОСТ.
- РЕВИДИРАЊЕ НА ПОСТОЕЧКИТЕ ИНДИКАТОРИ И НА СТАНДАРДНИТЕ ОПЕРАТИВНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ ВО СОГЛАСНОСТ СО НЕЈЗИНИТЕ ПОСТОЕЧКИ ПОЈАВИ.
- ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПОТРЕБНИТЕ ВЕШТИНИ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЖРТВИ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ (СКРИНИНГ, ИНТЕРВЈУ И УПАТУВАЊЕ НА СЛУЧАИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ) НА ПОЛИЦИСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ КОИ ЈА ИЗВРШУВААТ СВОЈАТА ДЕЈНОСТ НА ЛОКАЛНО НИВО, НА ГРАНИЧНАТА ПОЛИЦИЈА, ТРУДОВИТЕ ИНСПЕКТОРИ, СОЦИЈАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ ОД ЦЕНТРИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА, НВО, ЛИЧНИТЕ АСИСТЕНТИ КОИ РАБОТАТ СО ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ИТН.
- ОРГАНИЗИРАЊЕ КАМПАЊИ И ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА ЗА ТРУДОВАТА ЕКСПЛОАТАЦИЈА ВО РИЗИЧНИТЕ СЕКТОРИ (ГРАДЕЖНИШТВО, ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ТУРИЗАМ, УГОСТИТЕЛСТВО ИТН).

ОРГАНИЗИРАЊЕ КАМПАЊИ И ОБУКИ ЗА ПРЕПОЗНАВАЊЕ И САМОИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ ОД СТРАНА НА ЛИЦА КОИ СЕ ПОД РИЗИК, ПОСЕБНО КАЈ ЛИЦАТА СО ПРЕЧКИ ВО ИНТЕЛЕКТУАЛНИОТ РАЗВОЈ.

ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ОД СТРАНА НА ДРЖАВАТА ЗА ЕДИНСТВЕНАТА БЕСПЛАТНА СОС-ЛИНИЈА ЗА ПОМОШ НА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ, КАКО НАЈЛЕСНО ДОСТАПЕН СЕРВИС ЗА ГРАЃАНИТЕ И ЗА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ.

ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КООРДИНАЦИЈАТА И СОРАБОТКАТА НА ИНСТИТУЦИИТЕ НА ЦЕНТРАЛНО, ЛОКАЛНО И РЕГИОНАЛНО НИВО ЗА ПОЕФЕКТИВНА ИДЕНТИФИКАЦИЈА.

ВОСПОСТАВУВАЊЕ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ТРАНСНАЦИОНАЛНАТА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ Р. С. МАКЕДОНИЈА И ЗЕМЈИТЕ ДЕСТИНАЦИИ ЗА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ, СО ЦЕЛ ИДЕНТИФИКАЦИЈА, ПРЕВЕНЦИЈА И СИГУРНО ВРАЌАЊЕ НА ЖРТВИТЕ.

# ПРЕПОРАКИ

Препораките што се содржани тука произлегоа од добиените резултати на спроведената анализа.

## ЗАШТИТА И РЕИНТЕГРАЦИЈА НА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ

ВОСПОСТАВУВАЊЕ АЛТЕРНАТИВНИ ЦЕНТРИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПОМОШ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНО НИВО, КАКО ШТО СЕ ДНЕВНИ ЦЕНТРИ, СОВЕТУВАЛИШТА ИТН., ДОКОЛКУ ЖРТВАТА НЕ САКА ДА БИДЕ СМЕСТЕНА ВО ПРИФАТИЛИШТЕ.

СПРОВЕДУВАЊЕ МЕДИУМСКИ КАМПАЊИ ЗА ИНФОРМИРАЊЕ И УПАТУВАЊЕ НА ЖРТВИТЕ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ПРОПИШАНА ВО ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ.

НАВРЕМЕНО НАЗНАЧУВАЊЕ ЗАКОНСКИ ЗАСТАПНИК НА ЖРТВАТА СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ.

ПРОШИРУВАЊЕ НА СМЕСТУВАЧКИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ПОСТОЕЧКОТО ПРИФАТИЛИШТЕ ЗА ЖРТВИ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ, КАКО И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПОСЕБНО ПРИФАТИЛИШТЕ ЗА МАЛОЛЕТНИ И ЗА ПОЛНОЛЕТНИ ЖРТВИ.

ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРИФАТИЛИШТЕ ЗА ВОЗРАСНИ И МАЛОЛЕТНИ МАШКИ ЖРТВИ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ, НА КОИШТО ЌЕ ИМ СЕ ОБЕЗБЕДИ ПОТРЕБНАТА ПОМОШ И ЗАШТИТА ВО ЗАВИСНОСТ ОД НИВНИТЕ ИНДИВИДУАЛНИ ПОТРЕБИ.

ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРИФАТИЛИШТЕ ЗА ВОЗРАСНИ И МАЛОЛЕТНИ МАШКИ ЖРТВИ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ, НА КОИШТО ЌЕ ИМ СЕ ОБЕЗБЕДИ ПОТРЕБНАТА ПОМОШ И ЗАШТИТА ВО ЗАВИСНОСТ ОД НИВНИТЕ ИНДИВИДУАЛНИ ПОТРЕБИ.

ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ИСТРАЖНИТЕ ОРГАНИ – МВР (МАТЕРИЈАЛНИ КАПАЦИТЕТИ) И ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО (ЧОВЕЧКИ КАПАЦИТЕТИ – СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ЈО ЗА ОВОЈ ВИД НА КРИМИНАЛИТЕТ И РАБОТА СО ЖРТВИ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ) НА НАЦИОНАЛНО И НА ЛОКАЛНО НИВО.

ОБЕЗБЕДУВАЊЕ БЕСПЛАТНИ МЕДИЦИНСКИ ПРЕГЛЕДИ НА СИТЕ ЖРТВИ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ (ДОМАШНИ, СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ БЕЗ РЕГУЛИРАН ПРЕСТОЈ) СО УРЕДУВАЊЕ ВО ЗАКОНСКАТА РАМКА ВО ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ.

ВКЛУЧУВАЊЕ НА ДЕЦАТА-ЖРТВИ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ ВО РЕДОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО НАЈКРАТОК РОК ДА БИДЕ ПРИОРИТЕТ ЗА ОДГОВОРНИТЕ ИНСТИТУЦИИ, ОСОБЕНО ЗА СТАРАТЕЛИТЕ НА ОВИЕ ДЕЦА ВО ЦЕЛИОТ ПРОЦЕС НА ЗАШТИТА И РЕИНТЕГРАЦИЈА.

УСВОЈУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА ПАРИЧНА ИСПЛАТА НА ЖРТВИТЕ НА КРИМИНАЛ, СО КОЈШТО БИ СЕ ОВОЗМОЖИЛО ВОСПОСТАВУВАЊЕ ФОНД ЗА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА ЗА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ.

ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПОСЕБНИ МЕРКИ И ПРОГРАМИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ ПРЕКУ АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА Р. С. МАКЕДОНИЈА СО ЦЕЛ НИВНА УСПЕШНА РЕИНТЕГРАЦИЈА.

ПЛАНИРАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ ДОЛГОРОЧНО ОДРЖЛИВИ ПРОГРАМИ ЗА РЕИНТЕГРАЦИЈА НА ЖРТВИТЕ ПО НАПУШТАЊЕ НА ПРИФАТИЛИШТЕТО, НА ЛОКАЛНО НИВО.

ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ОБУКИ ЗА НАДЛЕЖНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ШТО ЌЕ БИДАТ ВКЛУЧЕНИ ВО ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА ЗА РЕИНТЕГРАЦИЈА НА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ.

ПОГОЛЕМА ВКЛУЧЕНОСТ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОМОШ И ПОДДРШКА ПРИ РЕИНТЕГРАЦИЈА НА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ, ПРЕКУ ОБЕЗБЕДУВАЊЕ УСЛУГИ И ЧОВЕЧКИ И ФИНАНСИСКИ РЕСУРСИ.

ДА СЕ СПРОВЕДЕ ВО ПРАКТИКАТА ЛИЦЕНЦИРАЊЕТО НА ДАВАТЕЛИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ, СО ШТО НВО КОИШТО СЕ ЗАНИМАВААТ СО ОДРЕДЕНА СПЕЦИФИЧНА ПРОБЛЕМАТИКА, КАКО ШТО Е ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ ВО СЛУЧАЈОВ, ЌЕ МОЖАТ ПОЕФИКАСНО ДА РАБОТАТ ВО ОДНОС НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО, ЗАШТИТАТА И РЕИНТЕГРАЦИЈАТА НА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ.

ОВОЗМОЖУВАЊЕ КОНТИНУИТЕТ НА УСЛУГИТЕ ЗА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ ПРЕКУ ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ РЕСУРСИ НА НВО ОД СТРАНА НА ДРЖАВАТА.

Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе-Отворена Порта е здружение на граѓани, кое ги промовира човековите права и ги застапува интересите и потребите на лицата кои се под ризик или претрпеле насилство и трговија со луѓе преку превенција, социјална поддршка и лобирање на национално и европско ниво преку членството во Ла Страда, Интернационална - Европска мрежа за борба против трговија со луѓе.

Ние обезбедуваме заштита, зајакнување на капацитетите и интеграција на тргуваните лица и другите ранливи групи во општеството.

**СОС ЛИНИЈА**
**0800 11111**

WWW.LASTRADA.ORG.MK

LASTRADA@LASTRADA.ORG.MK

ОТВОРЕНА ПОРТА
AGAINST VIOLENCE AND TRAFFICKING